**ООУ,,Тихомир Милошевски,, Скопје**

Недела за борба против шеќерната болест од 10 – 16 Октомври 2016год.

На ден 14.10.2016г. во нашето училиште учениците од предметна настава кои се членови на биолошко-еколошката секција и на Црвениот крст, со својот предметен наставник по Биологија ја одбележаа неделата за борба против шеќерната болест под мотото

,, Да ја победиме шеќерната болест ,,

Вработените и учениците беа информирани преку флаери и видео презентации, со цел зголемување на свеста и одговорноста за правилен пристап и навремено откривање на овој вид на заболување од кое за жал во Р.Македонија се заболени околу 200.000 лица со дијабет тип 1 и тип 2.

Членовите на црвениот крст добија задолжение на одделенски час да ги запознаат и информираат останатите ученици за симптомите, начинот на лекување и превентивните мерки кои се потребни да се превземат за спречување и лекување на шеќерната болест.






Шеќерна болест
ПОФАЛНИЦА
RINCESS




Изработил:

Соња Дојчиновска Гроздановска